MQS
Partner of Quality Austria
Бр./Nr 12-2515/1
22.07 г./v. 2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 31-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 16 Јули 2020 година донесе

## Одлука

Пријавата за корупција бр. 12- 2033/1 од 27.03.2019 година на подносителот ----------------------------------- од ------------------------- СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2033 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 2033/1 од 27.03.2019 година.

Предметот со број 12-2033 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

## Образложение

Предметот со број 12-2033 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12- 2033/1 од 27.03.2019 година, од познат подносител, физичко лице – ----------------------- од --------------------- .

Пријавата содржи наводи за злоупотреби на службената положба и овластувањата од службени лица во ------------------------------------------ во периодот -------------------- година, пред се по однос на одговорното лице -------------------- -----------------------, кое лице оваа функција ја вршело сметано од ----------------- година -------------- година, а злоупотребите се поврзуваат и со уште четири службени лица од ---------------------------.

Наводите првенствено се однесуваат на постапка за јавна набавка за потребите на ------------------ – ---------------- започната во ------- година, со отворена постапка -------------- по која за најповолен понудувач кој истовремено бил и единствен, е избрана -------------- ------------ на која по основ на склучениот договор му биле исплатени --------------------- денари. Според текстот на договорот, како што наведува подносителот, во договорот не била вклучена -----------------------------------------------се наметнала потреба од распишување на нова постапка за јавна набавка, исто како и за постапка за набавка на ---------------------.

Воедно, според наводите на подносителот неколку месеци по склучување на основниот договор склучен бил Анекс кон договорот од ------------ година, а подоцна и уште други два анекси од --------------------- и ----------------- година, а дополнително без тендер биле склучени и договори за -------------------------------- и др. Подносителот, исто така посочува на сомневања за злоупотреби на ---------------------- од страна на директорот и за злоупотреби при склучување на договори за --------------------- наместо според тоа како била распишана јавната набавка, истите биле склучени во понеповолни услови.

Подносителот наведува дека по однос на посочените злоупотреби постапувала Управата за финансиска полиција, како и дека за овие состојби има констатации во ревизорските извештаи, за ревизија на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

финансиските извештаи и на усогласеност на сметката на ----------------------, извршени од страна на Државниот завод за ревизија.

По извршени проверки во архивата на предмети кај Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија утврди дека во изминатите години, Државната комисија ,во два наврати, постапувала по предмети со исти и слични наводи и иста фактографија. Имено, Државната комисија постапувала по предмет бр. ------------------ година кој, по прибавени податоци и информации и по исцрпување на мерките и активностите кои се во надлежност на Државната комисијата, е затворен и архивиран во 2010 година, а постапила и по предмет бр. ------------ година кој, исто така, по прибавени податоци и информации и по исцрпување на мерките и активностите кои се во надлежност на Државната комисијата е затворен и архивиран во 2016 година. Оттаму, постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата по пријавата бр. 12- 2033/1 од 27.03.2019 година – врз основа на иста фактичка состојба е беспредметно, дотолку повеќе што не се изнесени нови/други факти и околности, а гледано според времето на извршување на дејствијата за евентуално сторено кривично дело во врска со спроведувањето на постапката за јавната набавка и склучувањето на договорот за јавна набавка на кои посочува подносителот на пријавата, извесно е дека е настапена застареност на кривично гонење.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 16 Јули 2020 година под бр. 12-2515/1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Христина Мишевска, Советник
Одобрил : Нури Бајрами, Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- Подносителот